Врз основа на член 24 од статутот на СММ, УО на СММ на седницата одржана на ден 06.03.2017 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Сојузот на математичарите на Македонија (во натамошниот текст СММ), организира натпревари по математика за учениците од основното образование во Република Македонија.

**член 2**

Натпреварите имаат за цел:

- да иницираат поголем интрес за математиката кај учениците,
- вреднување и рангирање на нивото на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците од предметот Математика
- рангирање на учениците пријавени на натпревар според постигнатите знаења;
- да ги потикнуваат учениците  кон проширување и продлабочување на математичките знаења;
- да го развиваат натпреварувачкиот дух;
- да ги откриваат талентираните и надарените ученици за математика заради насочување на истите кон продлабочени математички содржини;
- да се во функција на избирање и подготовка на ученици учесници на меѓународните натпревари
- да ја потикнуваат соработката меѓу учениците и менторите како и меѓусебната размена на информации на сите нивоа.

**член 3**

Натпреварите по математика се:

- училишни;
- општински
- регионални;
- државен;
- Македонска Олимпијада за ученици од 15,5 години (во понатамошниот текст: ММMО);
- изборни натпревари за меѓународни олимпијади.
- Други натпревари меѓу кои и меѓународни олимпијади.

Училишните натпревари ги организира активот на математичарите во училиштето. Општинските натпревари ги организираат локални здруженија на наставници математичари кои се здружени во СММ или лице односно одбор овластен од страна на СММ. Регионалните натпревари ги реализира здружението на математичари од регионот здружено во СММ  или лице односно одбор овластен од страна на СММ . Државниот натпревар, ММMО и ММО како и изборните натпревари за меѓународните

олимпијади ги реализира одбор назначен од УО на СММ.На сите натпревари се прави единствена ранг листа според постигнатите резултати на  натпреварувачите.

Содржината на материјалот на кој се спроведува натпреварот  е соодветна на возраста на учениците и се темели на наставниот план и наставните програми од првата половина на тековната учебна година и претходните учебни години за секое одделение посебно.

Темите за натпревари јавно се огласуваат преку гласилата на Сојузот како и преку електронските медиуми кои се сопственост на СММ, во првото тромесечие од тековната учебна година.

**член 4**

СММ со свои екипи учествува на следните меѓународни натпревари:

- Балканска математичка Олимпијада за ученици до 15,5 години(JBMO);
- Балканска математичка олимпијада за ученици од средно образование(BMO);
- во други меѓународни натпревари

**член 5**

Реализацијата на одделни натпревари СММ може со посебна одлука да ја направи со други здруженија, училишта, факултети и слично.

.

## II Организациска поставеност на натпреваирте

**член 6**

Натпреварите во основното образование се поединечни.

На натпреварите може да учествуваат сите редовни ученици во основното образование во Република Македонија.

**член 6а**

Натпреварите ги реализираат пет вида на комисии и тоа:

-Комисија за задачи

-Комисии за прегледување на задачи(на општинските натпревари)

-Комисии за прегледување на задачи(на регионалните натпревари)

-Комисија за прегледување на задачи на државниот натпревар

-Комсија за меѓународни натпревари

-Комисија за одлучување по приговори

Комисијата за задачи ја определува УО на СММ и нејзината работа и надлежност е регулирана во членовите  6б и 6ц од овој правилник. Комисијата има Претседател кој го назначува УО на СММ. Во комисијата може да учествува делегиран претставник од Бирото за развој на образование. Комисијата се состои од најмалку три члена.

Комисиите за прегледување на задачи на Општинските натпревари, формирање, работа и надлежност е регулирана во чловите 16 и 18 од овој правилник. Делгатите на натпреварот односно назначените лице од страна на СММ за организација на натпреварите се претседатели на комисиите. Во комисиите може да учествува делегиран претставник од Бирото за развој на образование. Комисиите се состои од најмалку три члена.

Комисиите за прегледување на задачи на Регионалните натпревари, формирање, работа и надлежност е регулирана во чnовите 16 и 18 од овој правилник. Делгатите на натпреварот односно назначените лице од страна на СММ за организација на натпреварите се претседатели на комисиите. Во комисиите може да учествува делегиран претставник од Бирото за развој на образование. Комисиите се состои од најмалку три члена.

Комисија за прегледување на задачи на државниот натпревар ја определува УО на СММ и нејзината работа и надлежност е регулирана во член 21 од овој правилник. Комисијата има Претседател кој го назначува УО на СММ. Во комисијата може да учествува делегиран претставник од Бирот за развој на образование. Комисијата се состои од најмалку три члена.

Комисијата за меѓународни натпревари ја определува УО на СММ и нејзината работа и надлежност е регулирана во член 25 од овој правилник. Комисијата има Претседател кој го назначува УО на СММ. Комисијата за меѓународни натпревари се состои од најмалку три члена.

Комисијата за одлучување по приговори е регулирана во член 18 и член 21.

Претседателите на комисиите се одговорни лица за раотата на комисиите.

**член 6б**

Подготвување на задачите за натпревари е во надлежност на Комисија за задачи определена од УО на СММ. Во работата на Комисијата за задачи може да има член од Бирото за развој на образование.

**член 7**

Ученикот се натпреварува на јазикот на кој ја следи наставата. Комисијата за задачи го обезбедува преводот на задачите, согласно утврдениот број на ученици кои претходно го најавиле своето учество на натпреварот.

Рангирање на постигањата на ученикот за одредено ниво на натпревар се врши врз основа на постигнатиот број на бодови за секој вид на натпревари.

Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови, сите ученици делат исто место и сите имаат еднаков ранг.

Бројот на задачи на тестот за Училишен, Регионален и Државен натпревар е најмногу 5.

**член 8**

Училишниот натпревар го реализира активот на математичарите во училиштето со задачи предложени од Комисијата за задачи при СММ или со задачи по сопствен избор. Изборот на учениците за училишен натпревар се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на ученикот во наставниот процес. Врз основа на резултатите од овој натпревар училиштето ги пријавува учениците - учесници за Општинскиот натпревар.

Општинските натпревари се реализираат во сите општини во Република Македонија каде постојат основни училишта.

На Општинските натпревари учествуваат учениците од IV до VIII одделение на основното образование.Училиште кое има до 10 паралелки од IV до VIII одделение на Општинскиот натпревар учествува со најмногу 10 натпреварувачи.Училиште кое има повеќе од 10, а помалку од 15 паралелки од IV до VIII одделение на Општинскиот натпревар учествува со најмногу 15 натпреварувачи.Училиште со над 15 паралелки од IV до VIII одделение на Општинскиот натпревар

учествува со најмногу 18 натпреварувачи. На Општинскиот натпревар надвор горенаведените критериуми учествуваат учениците кои на минатогодишниот Регионален натпревар освоиле награда.Училиштето домаќин на Општинскиот натпревар може да учествува со по еден натпреварувач повеќе во секое одделение, вон пропишаниот број на натпреварувачи.

По завршување на општинските натпревари се изготвуваат единствени ранг листи по региони, за секое одделение посебно.

**член 9**

Регионалниот натпревар се реализира во 22 региони и тоа:

1. Берово, Делчево, Пехчево, Македонска Каменица;
2. Битола, Ресен, Бистрица, Новаци, Демир Хисар, Бач, Сопотница, Стара Вина, Могила, Кукуречани, Цапари и Добрушево;
3. Гостивар, Неготино (Полошко), Врапчиште, Чегране, Долна Бањица и Вруток;
4. Гевгелија, Стар Дојран, Богданци, Миравци, Валандово, Јосифово;
5. Дебар, Маврово-Ростуше и Центар Жупа;
6. Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија и Конопишта;
7. Кичево, Другово, Осломеј, Вранешница, Зајас и Србиново;
8. Кочани, Виница, Чешиново, Блатец, Облешево, Зрновци и Оризари;
9. Крива Паланка, Кратово и Ранковце;
10. Куманово, Липково, Орашец, Клечовце и Старо Нагоричане;
11. Прилеп, Крушево, Долнени, Тополчани, Житоше, Кривогаштани, Витолиште, Македонски Брод, Самоков и Власница;
12. Охрид, Белчишта, Косел и Мешеишта;
13. Струга, Вевчани, Луково, Делогожда, Лабуништа и Велешта;
14. Струмица, Радовиш, Валандово, Ново Село, Василево, Босилово, Куклиш, Муртино, Конче и Подареш;
15. Карпош, Ѓорче Петров, Сарај и Кондово (Скопје);
16. Гази Баба, Петровец, Илинден и Арачиново (Скопје);
17. Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево (Скопје) и Бутел;
18. Кисела Вода, Студеничани, Зелениково, Сопиште (Скопје);
19. Центар (Скопје);
20. Тетово, Џепчиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Јегуновце и Вратница;
21. Велес, Свети Николе, Богомила, Градско, Лозово, Чашка и Извор;
22. Штип, Пробиштип, Злетово и Кардинци, и
23. Аеродром

На регионалните натпревари учествуваат прворангираните ученици на Општинскиот натпревар за секое одделение посебно. Оваа листа се дополнува со најмалку 20 ученици од IV-VIII од единствените ранг листи во регионот.

**член 10**

Пријавата за учество за Регионален натпревар се доставува до училиштето домаќин во соодветниот регион и до Комисијата за задачи при СММ и тоа најмалку 15 дена пред натпреварот.

По завршување на регионалните натпревари се изготвуваат единствени ранг листи по региони, за секое одделение посебно.

По Регионалните натпревари Комисијата за задачи изготвува единствени ранг листа на државно ниво по одделенија. Листите ги усвојува УО на СММ.

**член 11**

На Државниот натпревар учествуваат најмалку 135 натпреварувачи од VII, VIII, VIII одделение според следните критериуми:- првопласираните ученици од VII, VIII и VIII одделение од секој регион и- по 20 ученика од VII, VIII и VIII одделение утврдени според единствените ранг листи од Регионалните натпревари на државно ниво, а кои на истите освоиле најмалку пофалница. Надвор од овие критериуми на Државниот натпревар учествуваат и наградените ученици од минатогодишната ММMО.

На државниот натпревар училиштето домаќин учествува со по еден ученик повеќе по одделение, според резултатите од единствените ранг листи од регионалниот натпревар.

**член 12**

На ММMО учествуваат најмалку 35 натпреварувачи од VII, VIII и VIII одделение на основното образование и I клас од средното образование кои немаат повеќе од 15,5 години, а кои се наградени на соодветниот Републички натпревар и утврдени според единствените ранг листи по одделенија. Надвор од овој критериум на ММMО учествуваат и членовите на екипата од минатогодишната Балканска математичка Олимпијада за ученици до 15,5 години ако ја исполнуваат старосната граница за учество на Јуниорската балканска математичка олимпијада во тековната година. .

**член 13**

Екипата за Јуниорската Балканската математичка Олимпијада за ученици до 15,5 години ја утврдува од Комисијата за меѓународни натпревари на СММ. Екипата ја потврдува претседателот на комисијата.

**член 14**

Задачите за ММMО ги одредува Комисијата за меѓународни натпревари.

**член 15**

Натпреварите се реализираат според однапред усвоен календар од УО на СММ и тој се објавува во гласилата на СММ.

Од секој од натпреварите СММ може да прави и единствена екипна ранг листа по училишта.

# II. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

## А) Општински и Регионални натпревари

**член 16**

Општинските односно Регионалните натпревари започнуваат во исто време во сите општини односно региони. Општинските односно Регионалните натпревари траат 120 минути.

**член 17**

Организаторот на Општинските односно Регионалните натпревари формира:

- Одбор за организација и спроведување на натпреварот;
- Комисија за прегледување на задачите.

Комисијата за прегледување на задачи се состои од најмалку три члена.

**член 18**

Одборот за организирање на Општинските односно Регионалните натпревари ги известува сите училишта од својата општина односно регион најмалку 30 дена пред денот за одржување на натпреварот за домаќинот на Општинскиот односно Регионалниот натпревар. Одборот за организирање на Општинскиот односно Регионалниот натпревар:

- ги прифаќа натпреварувачите и ако е потребно организира престој на истите;
- обезбедува простории за непречено изведување на натпреварот и престој на менторите;
- обезбедува екипи за дежурство и за спроведување на натпреварот, како и други потребни материјали.

СММ определува набљудувачи кои го следат натпреварот.

**член 19**

Комисијата за прегледување на задачите е составена од наставници по предметот математика и делегатите на СММ. Секое училиште кое учествува на натпреварот е должно да делегира еден член во оваа Комисија при што секој член во Комисијата прегледува во одделение во кое не предава, односно нема свој натпреварувач. Комисијата за прегледување на задачите донесува одлуки со мнозинство гласови од нејзиниот состав, а во случај на изедначено гласање се прифаќа одлуката на делегатите на СММ. Должностите на Комисијата се да:

- ги подготвува шифрата и пликот за натпреварувачот;
- ги прегледува и оценува изработените задачи на натпреварувачите и изготвува ранг листа;
- претседателот на комисијата јавно ги објавува резултатите на огласна табла на училиштето
- ги констатира наградите и пофалниците на учесниците на натпреварот и
- доставува Извештај до УО на СММ најдоцна три дена по завршување на натпреварот.

Комисијата за прегледување на задачи се состои од најмалку три члена.

Комисијата за одлучување по приговори се состои од три члена кои се определуваат од членовите на Комисијата за прегледување на задачи. Еден член од комисијата за одлучување по приговори може да биде длегиран од Бирото за развоја на образованието.
Приговорите се поднесуваат во рок од 90 минути по објавување на резултатите. Комисијата за одлучување по проиговорите истиот ден трба да ги разгледа приговорите и за истите да го извести подносителот за својата одлука. Комисијата за прегледување на задачи, по одговорање на приговорите составува конечни ранг листи и јавно ги објави на огласна табла на училиштето домаќин на натпреварот.

## В) Државен натпревар

**член 20**

Државниот натпревар е во траење од 180 минути.

**член 21**

УО на СММ заедно со домаќинот на Државниот натпревар формира Одбор за организирање и спроведување на натпреварот.Одборот ги има следните должности:

- ги прифаќа натпреварувачите и ако е потребно организира престој на истите;
- обезбедува простории за изведување на натпреварот и други потребни материјали за изведување на истиот;
- изготвува билтен за натпреварот и
- други работи поврзани со натпреварот.

**член 22**

Комисијата за прегледување на задачите брои најмалку три члена. Еден член на комисијата е од Бирото за развој на образованието.

Комисијата за прегледување на задачите ги има следните должности:

- подготвува шифри и коверти за натпреварот;
- го реализира дежурството на натпреварот;
- ги прегледува и оценува изработките на натпреварувачите;
- изработува ранг листа;
- изготвува конечна ранг листа и ја доставува до УО на СММ и
- донесува одлуки за награди и признанија согласно овој Правилник.

Комисијата за прегледување на задачи се состои од најмалку три члена.

Два члена од Комисијата за прегледување на задачите и еден член делегиран од страна на Бирото за развој на образованието е Комисија за одлучување по приговорите поднесени по објавување на резултатите. Приговорите се поднесуваат во рок од 90 минути по објавување на резултатите. Комисијата за одлучување по проиговорите истиот ден трба да ги разгледа приговорите и за истите да го извести подносителот за својата одлука. Комисијата за прегледување на задачи, по одговорање на приговорите да состави конечна ранг листа и јавно да ја објави на огласна табла на училиштето домаќин на натпреварот.

## В) Олимпијади

**член 23**

Олимпијадите се организираат согласно правилата за меѓународните натпревари по математика.

**член 24**

УО на СММ заедно со домаќинот формира Одбор за организирање на Олимпијадата кој ги има следните должности:

- ги прифаќа натпреварувачите и ако е потребно обезбедува престој на истите;

- обезбедува простории за изведување на натпреварот и други потребни материјали за изведување на истиот;
- изготвува билтен за натпреварот и
- други работи поврзани со натпреварот.

**член 25**

Комисијата за меѓународни натпревари ги има следните должности:

- го реализира дежурството на натпреварот;
- ги прегледува и оценува изработките на натпреварувачите;
- изработува ранг листа;
- ги разгледува приговорите и одлучува по истите;
- изготвува конечна ранг листа;
- до УО на СММ доставува Предлог за награди и признанија согласно овој Правилник и
- Доставува состав на екипите за учество на Балканијадите и меѓународните Олимпијади.

# III. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**член 26**

Вкупниот број на бодови што може да ги освои еден натпреварувач на Општинскиот, Регионалниот и Државниот натпревар е 100.

Наградите на Општинските и Регионалните натпревари се доделуваат според следниот критериум:

- **I** награда добива натпреварувач кој освоил од 86-100 бодови;
- **II** награда добива натпреварувач кој освоил од 71-85 бодови;
- **III** награда добива натпреварувач кој освоил од 55-70 бодови;
- Пофалница добива натпреварувач кој освоил од 40-54 бодови.

На Државниот натпревар, Комисијата за прегледување на задачи, одредена од УО на СММ подготвува скала за бодовите потребни за освојување на награди.

**На натпреварите, од страна на Комисијата за прегледување и оцена на писмените работи од рангираните ученици се определуваат ученици кои се прваци во соодветните одделенија и тоа: прво место, второ место и трето место.**

**член 27**

Секој ученик-учесник на натпревар и неговиот ментор добиваат уверение(потврда) за учество.
Наградените и пофалените ученици на Општинските, Регионалните и Државниот натпревар добиваат дипломи и пофалници. Менторите на наградените ученици на Општинските, Регионалните и Државниот натпревар добиваат соодветна документација. Дипломите и пофалниците се доделуваат на пригодна свеченост , доколку е тоа можно, која се организира во рамките на натпреварот.
Дипломите, пофалниците, потврдите и увернијата ги потпишува претседателот на СММ.

**член 28**

На најдобрите учесници на ММMO и ММО им се доделуваат награди и пофалници.На ММMO и ММО медалји освојуваат половина од учесниците и тоа златна, сребрени и бронзени во однос 1:2:3 по критериум кој се применува во меѓународните Олимпијади. Ученикот освојува пофалница доколку точно решил една задача. Дипломите и пофалниците од претходните два става се доделуваат на пригодна свеченост која се организира во рамките на натпреварот, доколку е тоа можно.**На натпреварот, од страна на Комисијата за прегледување и оцена на писмените работи од рангираните ученици се определуваат ученици кои се прваци: прво место, второ место и трето место.**

**член 28А**

Од сите наптревари-поединечно до Министерството за образование и наука се доставува сооедветна документација-ИЗВЕШТАЈ за одржаните натпревари.

# IV. ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

**член 29**

Резултатите од сите натпревари кои ги организира СММ се јавни. Јавноста се обезбедува со:

-увид во документацијата на СММ;

-издавање на Билтени за Републичките натпревари, ММMO и ММО и

-објавување на листата на наградените и пофалените натпреварувачи од Државниот натпревари, ММMO и ММО во гласилата на СММ.

-Јавно објавување на web-страните кои се во сопственост на СММ.

-Јавно објавување на интернет страниците на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование.

По завршување на натпреварите во рок од 15 дена до училиштето доставува извештај за резултатите од сите нивоа, а за државните натпревари и до:

-Комисијата за акредитација на здруженија на наставници,

-Министерството за образование и наука, и

-Бирото за развој на образованието

Извештајот од став еден од овој член ги содржи следните податоци: назив на натпреварот, назив на здружението на наставниците кое го спроведува натпреварот, местото и времето на одржување на натпреварот, број на учесници, број на наградени ученици (табеларен приказ-име и презиме на ученикот, одделение/паралелка, назив на училиштето, место во кое се наоѓа училиштето), анализа на натпреварот(предности, слабости и можни начини за надминување на слабостите).

# V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 30**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат по иста постапка како при неговото донесување.

**член 31**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот донесен на 06.03.2014 година.

**член 32**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 33**

Правилникот да се  објави јавно на страните кои се во сопственот на СММ, и во јавните гласила на СММ, веднаш по неговото донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА

Малчески Алекса